КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-4/1
29.03. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2020 година, ревидирана од ревизорско друштво

### Член 1

Се одобрува Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година, изготвена врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје.

Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2020 година, се одобрува според следните биланси:

1. Консолидиран биланс на состојба на ден 31.12.2020 година,
2. Консолидиран биланс на успех од 01.01. до 31.12.2020 година

### Член 2

Во Консолидиран биланс на состојбата на ден 31.12.2020 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 132.600.574.625 |
| Пасива | Ден. 132.600.574.625 |

### Член 3

Во Консолидиран биланс на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2020 година приходите изнесуваат 6.253.375.351 денари, а расходите 4.154.053.166 денари, или добивка пред оданочување од 2.099.322.185 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 160.187.419 денари, добивката по оданочување е во износ од 1.939.134.766 денари.

**Член 4**

Консолидираната годишна сметка претставува составен дел на Одлуката.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев